Предлог

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 5-та седница одржана на ден ___.12.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката**
**за прифаќање на донација од**
**ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

**Член 1**

Во Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес со бр.25-1704/10 од 13.03.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/25), во член 1 став 3, бројот 3.500.000,00 денари, се заменува со 1.800.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес доставено е Барање за прифаќање на донација до Општина Велес со бр.08-1377/3 од 05.03.2025 година за подобрување на физичкиот и менталниот развој на децата во Општина Велес.

Донацијата опфаќа донација на проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

Локацијата се наоѓа во близина на Железничката станица во Велес на КП 10280/1 за КО Велес.

Висината на донацијата е со вкупна вредност од 3.500.000,00 денари.

Помеѓу ДПТУ Пододекор –Велес (како давател на донацијата) и Општина Велес како прималел на донација е склучен Договор за донација заверен под архивски број 08-4659/1 од 01.10.2025год. во општина Велес

На ден 27.10.2025 година од страна на ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес, доставено е Барање до Општина Велес со бр. 08-1377/4, за намалување на вредноста на донацијата на 1.800.000,00 денари.

Како главна причина за ова е трошокот за изведба на детското игралиште, а кое е воочен врз основа на доставени фактури за услуги за изведба на градежните и занатските работи од фирмите изведувачи, подизведувачи, даватели на услуги и фактурите за материјалите кои се вградени во објектот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: 27-10-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 08 | 1377/4 | 1 | |

ПОДОДЕКОР
ЦЕНТАР ЗА СУВА ГРАДБА

ДО

ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Предмет: Барање**

Фирмата ДПТУ Пододекор Доо од Велес, со седиште на ул.Алексо Демниевски Бауман бр.63, Велес по склучен Договор за донација со Градоначалникот на Општина Велес, бара да се намали вредноста на донацијата.

Главна причина за ова барање се фактурите за услуги за изведба на градежните и занатските работи од фирмите изведувачи, подизведувачи, даватели на услуги и фактури за материјалите кои се вградени во објектот.

По извршено книжење на целата документација и исплатени фактури и услуги, ДПТУ Пододекор Доо изјавува дека има трошок за изведба на детското игралиште во износ од 1.800.000,00ден. со вклучен ДДВ.

По основ на реалните трошоци за изведба на објект- Детско игралиште, бараме вредноста на донацијата да изнесува **1.800.000,00ден.** со вклучено ДДВ.

Велес, 27.10.2025

ПОДОДЕКОР ДОО Велес

Друштво за производство, трговија и услуги ПОДОДЕКОР ДОО увоз-извоз Велес 2

Друштво за производство, трговија и услуги
ПОДОДЕКОР ДОО увоз-извоз
Бр. 03-47
01.10 2025 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4659
01.10 2025 год.
ВЕЛЕС

Склучен на ден ___.10.2025 година, помеѓу:

1. **ДПТУ ПОДОДЕКОР Велес** со седиште на ул.„ Алексо Демниевски –Бауман бр.53 во Велес, ЕМБС 4004003115178, со даночен бр.5826675, претставувано од управителот Златко Љутков (во понатамошниот текст: Давател на донацијата) од една страна и
2. **Општина Велес**, со седиште на ул. „Панко Брашнар" бр.1 Велес, со ЕДБ 4004004117638, и ЕМБС 6017282, застапувана од Градоначалникот Марко Колев (во понатамошниот текст: Примател на донација).

**Член 1**

Предмет на овој Договор е Проект и Реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

Донацијата е со вкупна вредност од 3.500.000,оо денари

Детското игралиште ќе биде поставено во близина на Железзничката станица во Велес на КП бр.10280/1 за КО Велес.

**Член 2**

Целта на овој Договор е да се утврдат правата, обврските и одговорностите на договорните страни кои се однесуваат на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес,(,,Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21).

**Член 3**

Давателот на донацијата му донира на Примателот на донацијата Проект и Реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата. со вкупна вредност од 3.500.000,оо денари

**Член 4**

Цел на донацијата е употреба на проект за детско игралиште кое ќе содржи детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

**Член 5**

Примателот на донацијата нема да прави противисполнување кон Давателот на донацијата.

**Член 6**

Примателот на донацијата се обврзува да ја користи донацијата исклучиво за намената за која е дадена.

Примателот на донацијата се обврзува при примањето на донацијата од Давателот на донацијата,да му достави Потврда за примената донација.

**Член 7**

Договорните страни се согласни да го потпишат овој Договор, кој се изготвува врз основа на донесената Одлука за прифаќање на донација од Советот на Општина Велес со бр. 25-1704/10 од 13.03.2025год.

**Член 8**

Овој Договор е составен во 4 идентични примерока од кои по два примерока за секоја од договорните страни.

**Член 9**

Во случај на спор по овој договор, надлежен е Основниот Суд во Велес.

Договорни страни:

ДАВАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА:

**ДПТУ ПОДОДЕКОР Велес**

Управител
Златко Љутков

ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА:

Општина Велес
Градоначалник
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 05-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 1377/3 | 1 | |

ПОДОДЕКОР

*ул.Алексо Демниевски Бауман бр.53*
*ЕДБ4004003115178*
*ЕМБС 5826675*

ДО

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Преднет: БАРАЊЕ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА

ДПТУ ПОДОДЕКОР ДОО, Велес со адреса на ул.Алексо Демниевски Бауман бр.53 управувано од лицето Зоран Љутков БАРА одобрување на донација на проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата. Локацијата се наоѓа во близина на Железничката станица во Велес на КП 10280/1 КО Велес. Висината на донацијата е со приближна вредност од 3.500.000 денари

Со почит

Пододекор Доо, Велес

М.П

управител

Зоран Љутков

Датум:

04.03.2025, Велес

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден 13.03.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација од**
**ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателот на донација ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес за подобрување на физичкиот и ментален развој на децата во Општина Велес.

Донацијата се состои од:

-Проект и реализација на проект за детско игралиште кое ќе содржи разни детски реквизити за физички и ментален развој на децата.

Донацијата е со вкупна вредност од 3.500.000,00 денари.

**Член 2**

Детското игралиште се предвидува да биде во близина на Железничката станица во Велес на КП бр.10280/1 за КО Велес.

**Член 3**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес како давател на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25-1704/10
13.03.2025 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за урбанизам;
- ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес и
- Списи и архива.